Република Северна Македонија
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони

Republic of NORTH MACEDONIA
DTIDZ FREE ZONES

Број: 03-773/4

Датум: 20.05.2022

**Дирекција за технолошки индустриски развојни зони**
Бул.Партизански одреди бр.2
П.Фах 311, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3111 166
Е-пошта: info@fez.gov.mk
www.fez.gov.mk

Врз основа на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 1" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 1" (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 128/20 од 18.05.2020 година), Упатството за начинот и постапката за издавање под закуп деловен простор во Административната зграда во ТИР Зони бр.01-865/1 од 24.06.2013 година, Упатството за изменување на упатството за начинот и постапката за издавање под закуп деловен простор во административните згради во ТИР Зони бр.01-426/1 од 26.02.2019 година и Одлуката за спроведување на постапка за јавно наддавање за издавање под закуп деловен простор во Административната зграда во ТИРЗ „Скопје 1" за вршење на Царинско застапување бр.03-773/2 од 19.05.2022 година.

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

Бул. Партизански одреди бр.2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
објавува

# ОГЛАС број 01/2022

# ЗА

# ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

## 1.Предмет на Огласот:

Издавање под закуп деловен простор во Административната зграда во ТИРЗ „Скопје 1" за вршење на Царинско застапување и тоа:

| Реден број | Канцеларија број | Површина $м^2$ | Катност/Опис | Почетна цена без ДДВ | Депозит |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 3 | 20.50 $м^2$ | Приземје/Опремена со мебел | 2.000 ден/$м^2$ | 150.000,00 |

**2. Задолжителни прилози кон пријавата** за учество на јавното наддавање (услови за учество на јавно наддавање) се:

- доказ за уплатен депозит за учество на јавно наддавање (образец ПП50),
- полномошно за наддавање во оригинал заверено кај нотар доколку овластеното лице од правното лице не се јавува лично на јавното наддавање,
- пополнета и заверена од правното лице Изјава, заверена кај нотар,
- тековна состојба на правното лице од Централен регистар,
- потврда за работно време за непрекината 24 часовна работа од Централен регистар за дејностите за царинско застапување (да работат во склад со работата на царинската испостава) или изјава од овластеното лице,
- изјава со која се обврзува дека ако биде избран за најповолен понудувач, во рок од 5 дена од приемот на Известувањето за избор ќе пристапи кон склучување Договор за закуп,
- одобрение за вршење работи за застапување во царински постапки за дејност царинско застапување,
- општа гаранција за транзитна постапка за дејност царинско застапување,
- документ за регистрирана дејност од Централен регистар,
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган,
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган,
- уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на дејност од Основен суд.

3. Контакт лица од Дирекцијата за ТИРЗ за информации:

- Елена Тошковска моб.075 386 540
- Душица Утевски моб.075 386 541

4. Пријавите (со задолжителните прилози) за учество на јавното наддавање може да се превземат од веб страната на Дирекцијата за ТИРЗ http://www.fez.gov.mk, или да се подигнат секој работен ден од 08:30 до 16:30 часот во просториите на Дирекцијата за ТИРЗ Бул. Партизански одреди бр.2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

5. Рокот за доставување на пријавите за учество на јавното наддавање со задолжителната документација е најдоцна до 13.06.2022 година. Пријавите се доставуваат до Комисијата за спроведување на постапка за јавно наддавање со назнака за Оглас за издавање на деловен простор под закуп бр.01/2022 препорачано по пошта на адреса на Дирекцијата за ТИРЗ или директно во просториите на архивата на Дирекцијата за ТИРЗ Бул. Партизански одреди бр.2, 1000 Скопје. Кон пријавата се доставуваат задолжителните прилози наведени во огласот, кои треба да бидат во затворен плик.

6. Јавното наддавање за деловните простории за царинско застапување ќе се одржи на ден 15.06.2022 година, во 11.00 часот, во просториите на Дирекцијата за ТИРЗ Бул. Партизански одреди бр.2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

7. Депозитот за учество на јавното наддавање изнесува три почетни месечни закупнини без ДДВ за секој простор одделно, што се наведува во пријавата. Депозитот се уплатува вирмански со назнака “депозит за јавно наддавање за канцеларија број” (се наведува бројот на канцеларијата) со следните податоци за уплата:

Назив на примач: Министерство за финансии
Банка на примач: НБРМ
Сметка: 100000000063095
Уплатна сметка: 840 182 03161
Сметка на буџетски корисник: 100044124678715
Приходна шифра: 723911
Програма: ДВ

**8.** Постапката со јавно наддавање за издавање под закуп деловен простор ја спроведува Комисија за спроведување на постапки за јавно наддавање за издавање под закуп на деловени простории во Административната зграда во ТИРЗ Скопје 1, формирана со решение од Директорот на Дирекцијата за ТИРЗ.

**9.** Напомени:

- депозитот се враќа најдоцна до 45 дена по спроведувањето на постапката за јавното наддавање согласно Извештајот за депозити од комисијата;
- доколку како задолжителен документ за работно време закупецот достави Изјава, истата ќе се прифати, но во рок од 30 дена по склучување на договорот за закуп, должен е да достави Потврда за работно време од Централен регистар за деловниот простор за кој му е склучен договорот;
- во случај на изрично откажување на наддавач од учество во наддавањето по утврдување и соопштување на наддавачите од Евидентниот лист, депозитот се задржува, односно не се враќа;
- депозитот се задржува, односно не се враќа, доколку утврдениот најповолен наддавач согласно Извештајот од комисијата го потпишал договорот за закуп, но во периодот до солемнизација на договорот го извести закуподавачот дека го откажува договорот за закуп или не дојде на денот за солемнизирање на договорот определен во известувањето;
- просторот се понудува на утврдениот втор најповолен наддавач согласно Извештајот од комисијата, ако првиот најповолен наддавач во рок определен од закуподавачот, не го потпише понудениот договор за закуп, или во тој рок се откаже од склучување на договорот;
- доколку и вториот најповолен наддавач, во рок определен од закуподавачот, почнувајќи од денот кога е известен за склучување договор, не склучи договор или во тој рок се откаже од склучување договор, постапката по огласот ќе се повтори;
- на јавното наддавање во името на еден наддавач може да присуствува најмногу едно лице учесник на наддавањето кое учествува во јавното наддавање. За таа цел доставува полномошно за наддавање потпишано и оверено од овластеното лице на правното лице, заверено кај нотар;
- учесникот на наддавањето треба со себе да носи оригинален документ за идентификација (лична карта или патна исправа);
- наддавачот треба кон пријавата да приложи и документи со кои се изјаснува за намената на деловниот простор;
- документите не смеат да бидат постари од 6 месеци, а се доставуваат во оригинал или во копија заверена кај нотар;
- **критериум за избор на најповолен наддавач е највисоката понудена закупнина (цена) по 1м$^2$ за конкретен простор, по постапката за јавно наддавање;**

- секој учесник на наддавањето може да биде закупец само на една просторија (канцеларија);
- наддавач за кој Комисијата ќе утврди дека има по било кој основ неплатени доспеани обврски кон Царинската управа, ќе биде исклучен од постапката со јавно наддавање за издавање под закуп деловен простор;
- некомплетна Пријава и задолжителни прилози кон пријавата, е основа за исклучување од постапка за јавно наддавање;
- комисијата нема да прифати дополнително доставување документација по рокот предвиден во огласот;
- не е дозволена телефонска и слична комуникација на учесниците на наддавањето со лица кои не се присутни на наддавањето, ниту меѓусебно договарање. Мобилните телефони треба да бидат исклучени;
- учесниците на наддавањето се должни да го почитуваат редот. За одржување на редот се грижи претседателот на Комисијата. Во случај некој да го нарушува редот, претседателот на Комисијата може да го опомене или да го отстрани од просторијата каде се одржува наддавањето;
- предмет на наддавање е почетната закупнина за деловниот простор;
- еден чекор на наддавање е 10% од почетната закупнина;
- наддавањето трае сè додека наддавачите нудат износи до висина од најмалку еден чекор;
- секој наддавач е обврзан кон својата последна понуда. Наддавачот не може да даде понуда повисока од еден чекор;
- јавното наддавање е завршено кога и по третиот повик на водителот на наддавањето, не е понудена повисока цена од последно понудената;
- секој наддавач може да биде закупец само на една канцеларија (деловен простор)
- извештајот за утврдени најповолни наддавачи е конечен;
- за издавање на просторот под закуп, меѓу Дирекцијата за ТИРЗ и закупецот се склучува договор за закуп кој се солемнизира кај нотар на трошок на закупецот;
- до моментот на солемнизација на договорот закупецот е должен да обезбеди банкарска гаранција на износ од 3 месечни закупнини со ДДВ, а кој износ е гаранција за редовно подмирување на закупнина кои произлегуваат од договорот. Како и во случај на штета на опремата и мебелот во канцеларијата. Рок на важност на гаранцијата е определен во известувањето за склучување договор за закуп;
- рокот на Договорот за закуп е 24 месеци;
- деловниот простор се издава во видена состојба;
- закупецот е должен закупените простории да ги употребува како добар домаќин и според нивната намена;
- режиските трошоци за деловниот простор – (струја, греење, вода, изнесување смет до определено место за собирање и други заедничките трошоци) се на товар на закуподавецот;
- закупецот соодветно на својата дејност и намената, ја превзема одговорноста за применување на сите законски прописи, како и ПП заштитата и трошоците за набавка на пропишаната ПП опрема во деловниот простор;
- закупецот е должен на Дирекцијата за ТИРЗ да и достави адреса за доставување на писма, и секое доставување написмено од страна на Дирекцијата за ТИРЗ на таа адреса ќе се смета за полноважно ако е извршено по пошта со препорачана пратка;

- закупецот е должен да ги извести Дирекцијата за ТИРЗ и нотарот кај кој е солемнизиран договорот за секоја промена на седиштето, адресата, статусни и слични промени, банкарските сметки, отворен стечај на закупецот и слично со препорачана пратка;
- во случај на стечај, ликвидација и други случаи на престанок на вршењето на дејноста од страна на закупецот, истиот е должен веднаш да ги извести Дирекцијата за ТИРЗ и нотарот кај кој е солемнизиран договорот, а договорот за закуп престанува да важи;
- на барање на овластено лице на Дирекцијата за ТИРЗ закупецот е должен да му достави на увид докази за измирени обврски кои произлегуваат од договорот – закупнина.
- закупецот не смее закупениот деловен простор целосно или во делови да му го даде во закуп на друг (подзакуп), или според некој друг основ да го даде на употреба;
- договорот за закуп ќе содржи извршна клаузула – изрична изјава на закупецот дека е согласен врз основа на договорот кој се заверува кај нотар, непосредно да се спроведе присилно извршување врз имотот на должникот заради наплата на доспеана, а ненаплатена закупнина и други трошоци и надоместоци определени со договорот, како и присилно иселување доколку договорот биде откажан, раскинат или престанал на друг начин;
- закупецот е должен да ги надомести трошоците за штетите на деловниот простор настанати по негова вина или небрежност;
- Дирекцијата за ТИРЗ може еднострано да го раскине договорот за закуп доколку закупецот: а) во рок не започне да ја обавува дејноста за која се пријавил на наддавањето, б) не се придржува кон договорот за закуп, в) не ја плаќа во рок закупнината, г) закупениот деловен простор го издава на подзакуп, д) престане да ги исполнува условите врз основа на кои е склучен договорот за закуп;
- По престанокот на закупот по било кој основ закупецот е должен да и го врати на Дирекцијата за ТИРЗ деловниот простор, записнички во исправна состојба а во согласност со отказниот рок;

Огласот трае 20 (дваесет) дена од денот на неговото објавување, со краен рок на доставување на понудите до 13.06.2022 година до 16:30 часот.

Комисија:

Претседател:Елена Тошковска

Член:Бојан Андонов

Член:Игор Трајковски

Директор
Јован Деспотовски